ЈОУД “БАМБИ” Општина Новаци



# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

за работата на БАМБИ- општина Новаци

за 2023/2024 година

Новаци, Август 2024 год.

**С О Д Ж И Н А**

1. ВОВЕД
2. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА
3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ПО ГРУПИ ВО ГРАДИНКАТА
4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА
5. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ И ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР
6. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИ
7. ИНКЛУЗИЈА
8. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ
9. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ
10. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ДИРЕКТОРОТ
11. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

**ВОВЕД**

Детските градинки претставуваат институции од јавен карактер за организирано згрижување и воспитување на деца, чии цели и задачи се формирање на сестрано развиени личности, способни и одговорни, кои активно треба да се вклучат во училишниот систем,а понатаму и во современите општествени збиднувања.

Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста.

Воспитно- образовната и згрижувачка дејност на децата од предучилишна возраст (2-6 години) во Јавната општинска установа за деца –детска градинка БАМБИ Новаци, општина Новаци во текот на 2023/2024 год. се реализираше преку соодветно планирање, програмирање, евидентирање и евалуирање на работата.

Основната дејност- згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се реализираше преку згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето, создавање на поквалитетни услови за престој на деца од 2 години до 6 годишна возраст односно до вклучување во основно образование.

Годишниот извештај за работа е од јавен карактер и е изготвен согласно тезите поставени од Министерството за труд и социјална политика- Сектор за заштита на децата.

Планирањето на воспитно-образовната и згрижувачката дејност на ЈОУДГ„Бамби“ општина Новаци, се одвива врз основа на следните документи.

- Програма за рано учење и развој-донесена од МТСП на Р.С.М.
- Стандарди за рано учење и развој кај деца од над 2 до 6 години.

Програмските задачи кои градинката ги реализираше во изминатата година беа усогласени со потребите на предучилишното воспитание и образование и неговото воспитно-образовно дејствување, со психо-физичкиот развој на децата, индивидуалните и возрасни можности и особености на децата, како и со потребите на семејствата.

Целите и задачите кои беа поставени со Годишната програма за работа на градинката, во смисла на создавање и обезбедување на оптимални услови за успешно згрижување, воспитување и образование, беа целосно реализирани како во

квантитативна, така и во квалитативна  смисла.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ГРАДИНКАТА

Во овој дел ја презентираме организацијата, внатрешното уредување, бројот на работници и условите за работа на јавната оопштинска установа за деца, детската градинка БАМБИ Новаци општина Новаци.

Воспитно-образовната и згрижувачката дејност во детската градинка БАМБИ се реализира во еден објект кој е матичен се реализираше во две хетерогени воспитни групи од две годишна до четири годишна возраст и од четири  години до шест годишна возраст односно до поаѓање на училиште.

Детската градинка е од мал капацитет, со што максималниот број на деца кои што може да се згрижат во градинката е 50 деца.

Сите занимални се опремени со плакари, масички и столчиња, креветчиња и друг помошен инвентар. Исто така во занималните постојат разновидни катчиња опремени со соодветни играчки и игровен материјал, двете занимални се климатизирани.

Објектот каде што е сместена Детската градинка зафаќа 255м² нето површина со 450м² дворна функционална површина разеленета, има засадено доста дрва и цвеќина. Предниот дел на дворната површина е целокупно уредена, поставени се крлешки и лизгалки. Страничниот дел е уреден, има дел послан со ситни камчиња и бавча со посадени сезонски плодови.

| Ред.број | Вид на просторија | Бр. | м² |
|---|---|---|---|
| 1 | Влезен трем | 1 | 16,68 |
| 2 | Претпростор | 2 | 30,1 |
| 3 | Гардаробер | 2 | 32,09 |
| 4 | Занимални | 2 | 106,06 |
| 5 | Тоалети за деца | 2 | 19,1 |
| 6 | Тоалети за вработени | 2 | 4,18 |
| 7 | Перална и остава за постел. | 1 | 7,88 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Админ.просторија и просторија за изолација | 1 | 9,35 |
| 9 | Магацин | 1 | 3,21 |
| 10 | Кујна | 1 | 15,92 |
| 11 | Претпростор за кујна | 1 | 2.91 |
| 12 | Просторија со туш | 1 | 2,61 |
| 13 | Економски влез | 1 | 4,85 |

Во Детската градинка дејноста успешно ја реализираат 7 вработени на неопределено.

Во моментот располагаме со следниот кадар:

- 2 воспитувачи со соодвено високо образование
- 2 негуватели со средно стручно образовние
- 1 готвач со средно стручно образование
- 1 садомијач/сервирка со тригодишно средно образование
- 1 хигиеничар со четиригодишно средно образование

**Дидактички материјал** играчки и други матријали набавувани се во зависност од потребите на воспитно образовниот кодар, набавена е литература за дечињата (басни, литература за здрава храна, запознавање со празниците и обичаите, и литеаратура за вработените кој им беше потребен за секојдневна работа. Набавени се наставно-образовни помагала за дечињата –детски квизови за математика,текнувалки, сложувалки, картички за меморија и картички за здрави и лоши навики.

Од **списанија** во детската градинка се користи РОСИЦА од Просветно дело, кои ги користеа децата во воспитната група од 2-4 години, и Супер Смешка, кои ги користеа децата во воспитната група од 4-6 години. Овие списанија се одобрени од МТСП и се со стручно едукативна соодржина и целосно се искористува секој нов број.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ПО ГРУПИ ВО ГРАДИНКАТА

Организираната работа во детската градинка се реализираше преку поделбата на децата по возрасни групи кои се утврдени со Законот за заштита на децата. Во воспитните групи беше организиран адекватен престој за децата со соодветна опрема и инвентар кој беше прилагоден на возраста на децата и нивните развојни потреби. Во преден план беше обврската да се обезбеди безбедна средина, организиран простор за движење, игра и учење, а поттикнувачки фактор беше волјата на детето, инспиративниот материјал и слободниот пристап на детето кон игра и истражување.

Градинката секогаш води сметка за воспоставување и примена на поттикнувачкиот фактор кај децата, исполнување на нивните желби и потреби, слободниот пристап кон игра и истражување, а се креираше и применуваше инспиративен материјал. Децата беа поттикнувани пред т.н. проблем ситуации при што преку игра се учеа на решавање на едноставни и посложени ситуации во нивното опкружување. Со богати интелектуални ситуации се провоцираше детската љубопитност и се насочуваа на размислување и решавање на проблемите.

Во планираните активности во преден план беше поставена личноста на детето и неговиот инспиративен карактер.

За секој работен ден се изготвува распоред на активности и тоа започнувајќи од 06:30 до 16:00 часот, до испраќање на децата.

### Организација на дневните активности на децата

**<u>ДЕЦА ОД 2 ДО 4 ГОДИНИ/АКТИВНОСТИ</u>**

| **Активности** | **Време** |
|---|---|
| Прием на деца ,слободни игри | **До 08.15** |
| Подготовка за појадок и појадок | **08.30** |
| Реализација на дневните планирања | **09.00** |
| Ужина | **10.00** |
| Реализација на дневно планирање(слободни игри и престој на чист воздух) | **10.30** |

| | |
|---|---|
| Ручек | **12.15** |
| Пасивен одмор(спиење) | **14.45** |
| Ужина | **14.30** |
| Заминување на децата | **Од 14.30** |

**<u>ДЕЦА ОД 4 ДО 6 ГОДИНИ/АКТИВНОСТИ</u>**

| **<u>Активности</u>** | **<u>Време</u>** |
|---|---|
| Прием на деца ,слободни игри | **До 08.15** |
| Подготовка за појадок и појадок | **08.30** |
| Реализација на дневните планирања | **09.00** |
| Ужина | **10.00** |
| Реализација на дневно планирање(слободни игри и престој на чист воздух) | **10.30** |
| Ручек | **12.15** |
| Пасивен одмор(спиење) | **14.45** |
| Ужина | **14.30** |
| Заминување на децата | **Од 14.30** |

**Полудневен престој**

| **<u>Активности</u>** | **<u>Време</u>** |
|---|---|
| Прием на деца ,слободни игри | **До 08.15** |
| Подготовка за појадок и појадок | **08.30** |
| Реализација на дневните планирања | **09.00** |
| Ужина | **10.00** |
| Реализација на дневно планирање(слободни игри и престој на чист воздух) | **10.30** |
| Заминување на децата | **Во 12.00** |

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Воспитно-образовната работа е една од компонентите на дејноста на Установата која се реализира преку слободни и планирани активности, игри и прошетки, соработка со родителите, посети и контакти.

Посебно внимание се посветува на периодот на адаптација преку постапно зголемување на дневниот временски престој на детето, затоа што одвојувањето на детето од семејството е најтежок период во процесот на адаптација.

Целокупниот развој на детето се следи преку посебен Инструмент зависно од неговата возраст и сознанијата се практикуваат при планирање и реализација на воспитно-образовните дејствија.

Воспитно-образовната дејност се планира и реализира континуирано според возраста, индивидуалните способности, компетенции и потреби на децата на годишно, средорочно и краткорочно- дневно ниво. Децата учат преку игра во естетско-уредена просторија богата со разновиден дидактичко-игровен материјал, структуиран во логички целини-центри.

Разновидните активности во внатрешен и надворешен простор обезбедуваат холистички пристап при учење и развој на детето.

Градинката е место каде децата имаат можност за воспитно-образовни, спортско рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на когнитивниот, социоемоционалниот, физичкиот и моторниот развој, како и развој на јазикот, комуникацијата и описменување и пристап кон учење.

Современите научни сознанија и достигнувања на психологијата и педагогијата, како и другите сродни и научни дисциплини, укажуваат дека предучилишната возраст е период на интензивен развој на детето, тоа е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кој зависи натамошниот развој на идната личност.

**Основни принципи на добри практики во процесот на рано учење кои ги практикувавме во детската градинка се:**

- Планирање на содржините за подучување,
- Уредување и подготовка на средината во која децата учат,
- Изготвување на план и дневна програма на активности,
- Начин на взаемна комуникација со децата, интеракција,
- Проценка на развојните достигнувања кај децата
- Водење досие за секое дете и електронско досие
- Градење на партнерство со родителите

Воспитувачот во текот на целата воспитно згрижувачка година вршеше опсервирање и проценка на достигнувањата и напредокот на детето и врз основа на тоа ги прилагодува активностите и стратегиите за учење. Проценката е сложен процес за кој воспитувачот го одредува потребното време, собира иформации, ги евалуира и ги документира во досието на детето.

Во Годишната програма за 2024/2025 година се изработи календар на настани. За секој месец има теми кои треба да се реализираат и воедно од секоја тема има очекувана цел. Програмата се претставува по годишни планови за работа по воспитните групи, а воспитувачките при изготвување на своите годишни и месечни планови ги изработуваа според возраста на возрасната група, како и условите и можностите во градинката.

Во текот на 2023/24 воспитно образовна година беа планирани и реализирани следниве теми :

| Деца од 2-4 години | Деца од 4-6 години |
| --- | --- |
| **Септември-** Градинката наша – втор дом | **Септември-**Градинке наша мила |
| **Октомври-**Есенска кралица | **Октомври-**Есента во мојот крај |
| **Ноември-** Сообраќајна култура и правила | **Ноември** –Ние и сообраќајот |

| | |
|---|---|
| во сообраќајот<br>**Декември**-Моето семејство и мојот дом | **Декември**- Моето семејство |
| **Јануари**-Нова Година(празници, обичаи традиции) | **Јануари**-Новогодишна магија |
| **Февруари**-Животинско царство | **Февруари**-Животински свет |
| **Март**-Пролетта ни иде весело ќе биде | **Март**- Пролетно шепотење |
| **Април**-Што сакам да бидам (професии) | **Април**-Професии |
| **Мај**-Убавините на нашата татковина | **Мај**-Истражуваме и откриваме |
| **Јуни**-Добре дојде на летото | **Јуни**- Лето кај нас |
| **Јули и Август**- Лето и летни лудории | **Јули/Август**-Летуваме и се освежуваме |

Во воспитно-образовната 2023/24 година во ЈОУДГ "Бамби" Општина Новаци започна со доволен број на деца а активностите кои ги реализиравме беа по претходно подготвени годишни планови и среднорочни тематски планирања соодветни според возраста на децата по групи.

**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР**

Стручната дејност во градинката континуирано се развива во текот на годината.

Воспитно-образовниот и воспитно-згрижувачкиот кадар оваа година по завршениот приправнички испит, и после две годишна активна работа без прекин во градинката, следсвено доби унапредување и тоа од позиција Приправник Воспитувач во Воспитувач и од Приправник Негувател во Негувател.

Воспитно-образовниот и воспитно-згрижувачкиот кадар оваа година присуствуваа на повеќе обуки работилници и предавања:

**Обука**:"Инклузија во предучилишното образование", организатори АРБ Институт,

Целта на обуката беше да се пренесат знаењата и практичните искуства на вработените во предучилишните установи за аплицирање и учество во Европски проекти. Обуката ја реализира ARB Институт за применети истражувања за бизнис

**Обука**:"Улогата на негувателот во раниот детски развој во градинката **"**

Целта на обуката е примена на играта и игровните активности за стимулирање на когнитивните способности

**Обука**: „Со поттикната дискусија до ненасилна комуникација" Предавач Весна Дамчевска Илиевсла

Целта на обуката е Градење на модели за комуникациски вештини како и развој на професионален план и програма.

**Обука:** "Едукација на родителите на децата- фактори за квалитетен ран детски развој"

Целта на обуката е да се подобрат компетенциите на учесниците во обуката за унапредување во соработката меѓу градинката и родителите на децата

**Обука**: " Инклузија во предучилишните установи",

Целта на обуката е зајакнување на вештините за реализација на инклузивната воспитно-образовна работа, Обуката ја реализираа тим на предавачи.

**Обука**:"Подобрување на компентенциите на давателите на услуги во детските градинкипо однос на употребата на јазикот при исполнување на професионални активности"

Цел на обуката е подигнување на свесноста за содржината и формата на јазикот кај давателите на услуги во детските градинки, како го користат и пренесуваат кај децата, но и на родителите но во исто време и проширување на знаењата поврзани со детскиот јазик.

**Обука:**"Функционално менаџирање на ангажираноста на давателите на услуги во градинките во кризни ситуации" Проф. Константин Петковски

Во оваа воспитно- образовна година, во нашата установа се реализираа следниве програми кои се наложени од страна на Министерството:

1. „Градење на компетенции за зајакнување и заживување на културата на соработка во професионалните заедници за учење во градинките “ од проектот „Градење на капацитети на негувателки во предучилишни установи“, во период април/мај 2023 година.
2. 3.1.2: Развој на план за значајно активно учество на семејствата во предучилишното образование на нивните деца, со акцент на поттикнување на вклученоста на семејства од ранливи категории. (Developing a plan for meaningful active participation of families in their children’s preschool education with emphasis on encouraging inclusion of families from disadvantaged backgrounds),
3. Програма основи на социјална кохезија и културен дијалог Think Equal во предучилишното образование и воспитание во Македонија

Целта на програмата е унапредување на квалитетот на сервисите и зајакнување на професионалните компетенции на вработените во установите за деца преку рамката „Основи на социјална кохезија и културен дијалог", која има за цел да се имплементира во рамките на реализацијата на Националната Програма за рано учење и развој на РСМ.

Како една од „алатките“ за целосно имплементирање на рамката „Основи на социјална кохезија и културен дијалог", е и реализација на сликовниците од едицијата Think Equal, структурирана врз основа на искуствено учење со големо влијание врз социо-емоционалниот развој на децата.

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД БОЛЕСТИ

Во ЈОУДГ „Бамби“, во изминатата година здравствената заштита на децата целосно беше препуштена на одговорноста, спремносата ,и максимално ангажирање на директрот на установата и воспитно-негувателскиот кадар.

Во текот на годината континуирани беше извршуван санитарно-хигиенски увид на кујнските простории, начинот на нивно чистење и оддржување,санитарно-хигиенски увид на санитарните јазли и просториите каде децата престојуваат, нивно чистење,

проветрување, дезинфекција на играчките,постелнина и нејзино редовно менување. Континуирано беше следена и здравствената состојба на децата, ради навремено спречување на ширење на заразни заболувања.

Нашата установа во текот на целата година беше во постојана комуникација и соработка со Центарот за јавно здравје.

Во делот на Предавања за проблематиката на здравствената заштита и зравственото воспитание, реализирани беа следните посети:

- ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација – редовен систематски преглед.
- Предавање на тема “Здравјето и превенција од вируси” од Д-р Живко Даскаловски
- Предавање на тема”Здрави навики за оралното здравје”, од Превентивна стоматологија и Завод за здравствена заштита

## ИНКЛУЗИЈА

Инклузијата е процес кој обезбедува најдобро воспитно-образовно опкружување на децата со попреченост и создава услови за надминување на предрасудите и стереотипите,односно зголемено учество,прифаќање и вклучување а намалување на исклученоста на децата. Сето ова му овозможува на детето чувство на припадност. Нашата установа се обидува да одговори на потребите на сите деца како поедици, без разлика на нивниот проблем,хендикеп, или припадност преку добра соработка и организираност.

Во текот на 2023/24 год. на воспитувачките преку обуки им се дадени насоки за работа со децата со потешкотии во развојот, со цел подобрување на функционалните способности на детето.

Како заклучок во однос на инклузијата во предшколската возраст можеме да кажеме дека:

-рана детекција, процена и рана интервенција може да ги ублажи последиците од потешкотиите и да создаде предуслов за понатамошно школување во редовното училиште,

-раната интеракција помеѓу децата кои се со потешкотии и оние со типичен развој води

кон процес на формирање на позитивни ставови,
-инклузијата во предшколската возраст на децата со потешкотии во развојот овозможува развојот да оди во позитивна насока, како и нивно прифаќање во социјалната средина.

## ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Во текот на оваа воспитно-образовна година беа изведени голем број на планирани активности, дел од нив се следните:

- Посета на Пазатот во Битола
- Локални прошетки во општина Новаци,
- Следење на детска претстава – "Распеана турлитава", во соработка со ЈОУДГ "Мајски Цвт"-Битола
- Одбележани беа верски и државни празници.

Сите активности беа реализирани во соработка и консултација со родителите и со нивна поддршка и помош.

## ПРИРЕДБИ И ПРОСЛАВИ

Планираните приредби и прослави во Детската градинка, изработени се од страна на директорот, со воспитувачите и негователите
Одбележување на важни датуми во воспитната 2023/24 година во ЈОУДГ „БАМБИ" Општина.Новаци.
-Приредба по повод детската недела "Убаво е да си дете"-Запознавање за правата и обврските на децата
-Новогодишна приредба "Новогодишна магија"
-Интерактивна работилница со родителите по повод денот на мајката 8-ми Март"Мила моја мамо".
-Празнување на патрониот празник ЈОУДГ Бамби- "Среќен роденден градинке наша" одделение"
Денот на шегата "Априли-ли-ли" -Соработка со ООУ "Славко Лумбарковски"-Новаци
-Завршна приредба по повод испраќање на децата запишани во 1-во одделение "Збогум градинке-среќно првачиња".

**ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ**

По повод месецот на детето во Октомври, реализиравме хуманитарна акција под наслов "Од дете за дете" со собирање на прехрамбени производи . Производите ги донираве на социјално загрозено семејство во Општина Новаци.

**ИЗЛОЖБИ НА ЛИКОВНИ ТВОРБИ И ДЕТСКИ ИЗРАБОТКИ**

Во Детската градинка се организираа изложби во ликовните катчиња на секоја занимална како изложби на заедничкото ликовно катче на градинката.

Со изработките од децата (цртежи,изработки, маски и др.) учествувавме на сите ликовни манифестации и конкурси на кои бевме поканети, и кои ние самите по различни поводи ги организиравме.

Зедовме учество со ликовни творби на конкурсот на тема "Корицата на мојата сликовница", Ликовниот конкурс се организира како дел од планираните активности на Едука Мак- по повод 2-ри Април Сведскиот ден на Литературата за деца.

**РЕАЛИЗИРАНИ РАБОТИЛНИЦИ**

„Меѓународен ден на детето"-практично усвојување на знаењата за правата и одговорностите на децата

Работилница на тема "Емпатија"- во соработка со проф. Д-р Слаѓана Ангелкова од МСУ-Битола.

## 3. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Во учебната 2023/2024 година, постигната е активна соработка со родителите на заемно комуницирање и дејствување.

Најуспешни и најчести облици на соработка со родителите беа индивидуалните средби и тоа преку секојдневните разговори меѓу родителите и воспитувачите при носење на децата во градинката и помеѓу родителите и негувателките при земање на децата од

градинката и тоа за најкарактеристичните манифестации што се забележани во текот на денот кај детето и за сето она кое што го интересира родителот во врска со неговото дете, посебно за новозапишаните деца.

Индивидуални посети на родителите преку разговор со директорот во градинката за актуелни теми кои се предмет на интерес за нивните деца.

Поради интересот кој го пројавија родителите на децата корисници на услугите во детската градинка, на совет на родиители понудено и формирано е тело “Советувалиште за родители” се со цел за активна индивидуална соработка со родителите за решавање на клучни проблеми.

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ДИРЕКТОРОТ**

Активностите на Директорот во тековната 2023-2024 годиа се базира врз Годишната програма за работа со деца од предучилишна возраст во Јавните детски градинки согласно закоските одредби, нормативи и акти на Јавната детска градинка, а во координација со вработените од установата, членовите на Управниот одбор и советот на родители, Градоначалникот и Советот на општина Новаци, Секторот за образование, како и континуирана соработка со Бирото за развој на образование во РСМ и Министерството за труд и социјална политика.

Активностите на Директорот како организатор и координатор на целокупната работа на Установата за изминатата година, беа насочени на следните програмски подрачја:

**Административно-организаторска**-опфаќа континуирана активност во координирањето, организирањето и раководењето со субјектите кои се поврзани со :

• одржување на објектот и обезбедување на непречено одвивање на дејноста,

• набавка, подготовка и дистрибуција на храна,

• правно-финансиско работење,

• одржување на објектот и обезбедување на услови за нормално одвивање на дејноста, здравствена заштита,

• Управниот одбор, научни институции и други правни субјекти (детски градинки, основни училишта).

Посебно важно е и координирањето со Министреството за труд и социјална политика.

**Педагошко-инструктивна** во која спаѓаат:

• следење на организацијата и реализација на згружувашката и воспитно-образовната и друга стручна педагошка работа,
• перманентно стручно, педахошко-психолошко усовршување на кадарот,
• работа со вопитувачи и друг стручен кадар –почетници,
• работа со стручни ограни,
• соработка со родителите на опфатените деца и аналитичко студиска работа.

## ФИНАНСОВА И ТЕКОВНА ПОЛИТИКА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Согласно Годишниот план и извештајот за работа на ЈОУДГ "Бамби" Новаци, во периодот 2023/24 година освен тековните набавки на храна, хемиски производи и тековни трошоци реализиравме и други набавки како што се униформи за вработените, опрема за занималните, кујнска опрема, образовни дидактички помагала.

**Во периодот 2023 и 2024 година за подобрување на условите во детската градинка е реализирано и следново:**

Согласно Годишниот план и извештајот за работа на ЈОУДГ "Бамби" општина Новаци, во 2023/2024 година набавени се следните производи:
- јавна набавка за храна,
- хемиски производи и тековни трошоци
- набавка на два за греење,
-набавка на воспитно дидактички материјал (книги, сликовници,и др.)
- набавени се униформи за вработените,
- набавка на кујнска опрема,
- набавка на клима уред
- репарирање на опрема за иргање во дворниот простор (лизгалка, нишалки),
-изготвување на новогодишни пакетчиња за секое дете по повод Новогодишни празници.
- Подготвување на елаборат за вршење на стручни услуги од областа на безбедност и здравје при работа до ДООЕЛ Подружница ЦЕНТАР ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА Битола.

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА**

"Извештајот за работата на детската градинка преку последната година прикажува значителен напредок и успешна реализација на наставните активности и програмите. Градинката продолжи да пружа високо квалитетно образование и грижа за децата, се земаат потребните мерки за подобрување на инфраструктурата и условите за работа.

Клучните аспекти во извештајот покажуваат дека децата учествуваат активно во различни наставни активности што ја зголемило нивната способност за креативност и социјални вештини. Воспитно-згрижувачкоит кадар покажаа посветеност и професионализам во работата со децата, што овозможило успешна индивидуална поддршка за секое дете.

Го истакнуваме и успешното соработување со родителите, што се покажа како одлична практика во подобрувањето на комуникацијата и поддршка на домашното-школската врска. Со континуираните обуки и професионални развивања на персоналот, детската градинка се прилагоди на современите образовни трендови и методологии.

За подобрување на состојбите и унапредување на дејноста во Градинка, може да се предложат следните мерки:

1. Обука и стручно усовршување на воспитно-згрижувачкиот кадар: Одличните резултати и квалитетната воспитна работа зависат од компетентноста на кадрот. Преку организирање на редовни обуки и стручно усовршување за воспитно-згрижувачкиот кадар, како и учествување во семинари и работилници за модерни педагошки методи.
2. Креирање на стимулативно работно средина: Внесување на разнообразни активности и креативни игри во програмата, кои ќе го поддржат развојот на децата.
3. Редовни мониторинг и евалуација: Систем на редовен мониторинг и евалуација на работата на кадровите.
4. Стимулирање на тимскиот дух: Подпомогнување на развојот на тимски дух помеѓу воспитни-згрижувачкиот кадар и останатите вработени во градинката. Преку организирање на тимски активности и тренинзи за подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу нив.

5. Креирање на соработка со родителите: Вклучување на  родителите во образовниот процес. Комуницирајте со нив за напредокот на нивните деца, преку организирање на редовни родителски собири  за размена на искуства и информации.
6. Заштита на животната средина: Имплементација на мерки за заштита на животната средина, вклучувајќи ја ефикасна рециклажа на отпад, инсистирање на раздвојување на отпадот и организирање на еколошки образовни активности.
7. Програми за рано детство: Спроведување на програми за рано детство, кои ги подобруваат когнитивните и социјални вештини на децата, како и ја поддржуваат работата на родителите.
8. Промоција на културата и традициите: Организирање на културни и традиционални манифестации што ќе ја зголемат свеста за националната култура.
9. Партнерство со заедницата: Соработка со локалната заедница, бизнис секторот и невладините организации за поддршка и организирање на активности и програми за децата.

Информирање и ангажирање на јавноста: Комуникација со јавноста за важноста на инвестирање во рано детство и промовирање на унапредувањето на дејноста во градинката како приоритет на сите нивни членови.

Ова се само некои од мерките кои можат да допринесат кон подобрување на состојбите и унапредување на дејноста во градинката. Комбинирајќи ги и имплементирајќи ги соодветно, може да се создаде погодна околина за квалитетно образование и развој на децата.

Годишниот Извештај за работа на ЈОУДГ„Бамби” Општина Новаци за  2023/2024 е донесена на седница на Управниот одбор со Одлука бр. 02-40/2 од 20.08.2024 година**.**

ЈОУДГ “Бамби” Новаци
ДИРЕКТОР
Марина Кузмановска

____________________